

# ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ МОЖНОСТИ
# ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СТОПАНСКАТА
# СОРАБОТКА МЕЃУ
# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# И РЕПУБЛИКА СРБИЈА

## Вовед*

Република Северна Македонија и Република Србија имаат традиционални економски и партнерски односи, кои ги карактеризира високо ниво на заемна доверба, разбирање и добрососедство. Воспоставениот политички дијалог овозможува континуиран и постојан развој на билатералните односи и соработката, потврден преку многубројни средби на највисоко ниво.

Општа карактеристика е дека Македонија и Србија се соседни земји, блиски народи, со исти проблеми и исти надежи кон иднината, кои паралелно чекорат кон Европската унија.

Како во изминатиот период, така и денес, евроинтеграциите се надворешно-политички приоритети на двете земји. Во насока на интензивирање на соработката во областа на евро-интегративните процеси, двете земји потпишаа билатерална Спогодба со која таквата соработка се конкретизира и добива соодветна динамика.

Договорната рамка меѓу двете земји е заокружена во голема мера и овозможува интензивна соработка во повеќе области од заемен интерес. Досега се склучени повеќе од 60 билатерални договори и документи, од кои 53 се во сила, а во тек се 20 иницијативи/постапки за склучување на други договори и документи.

**Едни од поважните правни акти кои се однесуваат на стопанската активност се:**

- Договорот за изменување и пристапување кон Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА) („Службен весник на РМ“, бр. 69/2007), ратификуван од земјите-потписнички на Договорот (Република Хрватска, Република Албанија, Република Србија, УНМНИК/ Косово, Република Црна Гора, Република Македонија, Босна и Херцеговина и Молдавија.
- Закон за ратификација на Дополнителниот Протокол 4 на Договорот за измена и пристапување на Централниот европски договор за слободна трговија.
- Закон за ратификација на Дополнителниот Протокол 5 на Договорот за изменување и пристапување на Централноевропскиот договор за слободна трговија.

**Правна рамка во која се одвива стопанската соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Србија:**

1. Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за соработка во областа на туризмот.
2. Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за соработка во областа на образованието, науката и технологијата.
3. Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за заемно признавање на јавни документи за стекнато образование и за стручни академски и научни звања.
4. Закон за ратификација на Договорот за економска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија.
5. Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија во контекст на поцесот на пристапување кон Европската унија.
6. Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за регулирање на режимот за локален граничен сообраќај.
7. Закон за ратификација на Договорот за економска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија.
8. Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната влада на Сојузна Република Југославија за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал.
9. Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната влада на СР Југославија за замено поттикнување и заштита на инвестициите.

---

**Поради конзистентност во приказот, користени се податоци од УНКТАД во САД долари, НБРМ и ДЗС.*

## 1. Бруто домашен производ (БДП)

БДП на Србија во вредност од 51.675 милиони САД долари остварен во 2018 година, претставува скоро 4,6 пати од БДП на Македонија (или за скоро 3,6 пати поголем од македонскиот БДП), кој истата година изнесување 11.240 милиони САД долари (**по постојани цени** 2010).

Табела 1: **БДП во милиони САД долари (по постојани цени 2010)**

| Период | Македонија | Србија |
|---|---|---|
| *2008* | 9.134 | 45.940 |
| *2010* | 9.407 | 45.290 |
| *2013* | 9.862 | 47.097 |
| *2015* | 10.616 | 47.003 |
| *2018* | 11.240 | 51.675 |

*Извор: УНКТАД*



БДП на Србија остварен во 2018 година се зголемил за 12,48% (индекс 112,48) во однос на истиот од 2008 година (земена е 2008 година за споредба според првичните расположли податоци од УНКТАД, односно после осамостојувањето на Србија на 1.01.2007 година), а македонскиот БДП во наведениот период е зголемен за 23% (индекс 123,05) или за 10,57 процентни поени повеќе од растот кај Србија.

Но и тука се покажува важноста на големината на економската основа - растот на БДП од 23% во 2018 година на економска основа од 9,134 милиони САД долари во 2008 година кај Македонија изнесува 11.240 милиони САД долари, а растот од 12,4% во 2018 година на економската основа од 45.940 милиони САД долари во 20018 година на Србоја изнесува 51.675 милиони САД долари.

Позабрзаниот раст на БДП за 10,6 процентни поени повеќе од растот кај Србија, во 2018 наспроти 2008 година, резултира БДП на Србија во 2008 година да биде поголем за 4 пати (индекс 503), а во 2018 година поголем за 3,6 пати (индекс 460) од македонскиот БДП или со намалена разлика од скоро 0,4 пати.

## 1.1. Стапки на пораст на реалниот БДП

Релативно задоволителните резултати според реалните стапките на раст на БДП во однос на српските, не резултираа со позначајни промени во растот на македонската национална економија, мерени преку резултатите на остварениот периодичен раст на БДП (Табела 2), што го потврдува фактот дека стапките ја покажуваат само динамиката на раст.

Споредувајќи ги периодичните просечни стапки на реалниот раст на БДП и тоа во периодот 2010-2015 година, имаме 1,68% повисока стапка на растот од Србија, а тој тренд продолжува и во периодот по светската и европската финансиска криза (2013-2018 година) каде македонскиот просечен раст е за 0,57 процентни поени повисок од српскиот.

Табела 2: **Периодични просечни стапки на реалниот раст на БДП во %**

| Земја | 2010 - 2015 | 2013 – 2018 |
|---|---|---|
| **Македонија** | 2,35 | 2,56 |
| **Србија** | 0,67 | 1,99 |

*Извор: УНКТАД*



Но сепак, во споредбата на Македонија со Србија реалната слика за тековен, односно за периодичен економски раст се добива со споредба на номиналните вредности од растот, а не со просечните стапки на раст.

Од 2008 година па наваму македонската економија бележи повисоки стапки на раст на реалниот БДП во однос на претходните години. Исто така и за периодот (2013-2018 година) двете економии забележуваат повисоки стапки на раст, но истиот се пресметува на пониски економски основи. Оттука, произлегува дека е потребно уште повеќе да се зголеми економскиот раст во насока на регионално обединување како би се забрзал процесот на конвергенција на двете економии кон европските нивоа.

Затоа двете земји треба да ја зголемат својата економска основа поучени од регионалното обединување на Балтичките земјите и земјите од Вишеградската група, како би се постигнал уште побрз економски раст и развој.

Табела 2.1: **Проекции за растот на реалниот БДП во %**

| Земја | 2019 | 2020 |
|---|---|---|
| **Македонија** | 3,2 | 3,4 |
| **Србија** | 3,5 | 4 |

*Извор: World economic outlook, IMF, October 2019*

Согласно податоците од ММФ за проектираните стапки на раст на БДП се очекува дека економскиот раст ќе продолжи со позитивна димнамика и за двете економии и тоа е добар сигнал за зголемување на економската соработка меѓу Македонија и Србија во наредниот период.

## 1.2 БДП по глава на жител

Најреални податоци за споредба на економската развиеност на национално ниво, како и висината на животниот стандард во една земја се согледува преку БДП по глава на жител.

Србија со 5.870 САД долари, во 2018 година има повисок БДП по глава на жител од македонскиот за 8,8% (индекс 108,8) кој истата година изнесуваше 5.391 САД долари.

Табела 3: **БДП по глава на жител, по постојани цени во САД долари (2010 според УНКТАД)**

| Период | Македонија | Србија |
|---|---|---|
| **2008** | 4.418 | 5.071 |
| **2010** | 4.543 | 5.037 |
| **2013** | 4.752 | 5.281 |
| **2015** | 5.105 | 5.295 |
| **2018** | 5.396 | 5.870 |

*Извор: УНКТАД*

Македонскиот БДП по жител во 2018 година, во однос на истиот од 2008 година е зголемен за 22%, а српскиот за 15,76% и имаме позабрзан раст за 6,24 процентни поени во однос на српскиот.

Гледано за периодот на светската економска криза, БДП го глава на жител во Србија во 2010 година во однос на 2008 година опаднал за 0,7% во однос на 2008 година, додека пак македонскиот за истиот период има мало зголемување од 2,8%. Ова укажува дека во тој период учеството на македонската економија во светската економија е помало отколку на Србија. За периодот 2018 - 2013 година, Македонија го има зголемено БДП по глава на жител 13,4%, а Србија 11,15%. Со оглед на фактот дека зголемувањата се за петгодишен период, значи дека двете економии се идентични во нивото на животниот стандард, што се карактеризира со слабата куповна моќ на населението и се подложни на надворешни случувања.

Табела 4: **Периодични просечни стапки на пораст на БДП по глава на жител, во %**

| Земја | 2010 - 2015 | 2013 - 2018 |
|---|---|---|
| **Македонија** | 2,26 | 2,5 |
| **Србија** | 0,92 | 2,25 |

*Извор: УНКТАД*



**2.Надворешно-трговска размена**

Република Србија е најголем трговски партнер од земјите на Западен Балкан и е **четврт најважен партнер** во надворешно-трговската размена на Македонија, зад Германија, Грција и Велика Британија.

Табела 5 покажува дека во периодот 2007 - 2018 година надворешно-трговската размена на Македонија со светот има тренд на континуиран пораст. Тој раст поодделно со Србија добива на интензитет во периодот до 2008 година кога размената достигна 1,5 милијарди САД долари.

Табела 5: **Надворешно-трговска размена на Македонија**

| | 2007 | 2008 | 2010 | 2015 | 2018 | I-IX 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупна надворешно-трговска размена на Македонија со светот (во милиони САД долари, по поодделни години)** | 8.678 | 10.872 | 8.826 | 10.957 | 15.960 | 12.288 |
| **Надворешно-трговска размена на Македонија со Србија (во милиони САД долари, по поодделни години)** | 1.099 | 1.468 | 757 | 699 | 889 | 710 |
| **Учество на надворешно-трговската размена со Србија во вкупната надворешно-трговска размена на Македонија (во %)** | 12,7 | 13,5 | 8,6 | 6,4 | 5,6 | 5,7 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Надворешно-трговската размена на Македонија со Србија во почеток генерално ја следи динамиката на пораст на вкупната надворешно-трговска размена на Македонија со светот. Од почетните 1 милијарда САД долари во 2007 година таа е зголемена на 1,5 милијари САД долари во 2008 година, после светската економска и

финансиска криза таа се намалува на 699 милиони САД долари во 2010 година, а заклучно со 2018 година размената изнесува 889 САД долари. Но, набљудувано во релативни големини, учеството на размената со Србија во вкупната размена на Македонија со светот од 13,5% во 2008 година, секоја година постепено се намалува и во 2018 година е 5,6%.

Република Србија е многу важна земја за македонскиот извоз и се вбројува во традиционално најважни пазари за Македонија. Во 2018 година Србија е на прво место според извозот на Македонија во земјите од Западен Балкан и учествува со 36,45% од извозот во овие земји, а истата динамика продолжува и во првите девет месеци од 2019 година каде размената изнесува 710 милиони САД$ или 5,7% од вкупната размена на земјава.

Табела 6: **Македонскиот извоз**

| | 2007 | 2008 | 2010 | 2015 | 2018 | I-IX 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен извоз од Македонија (во милиони САД долари, по поодделни години)** | 3.398 | 3.990 | 3.351 | 4.530 | 6.908 | 5.377 |
| **Извоз на Македонија во Србија (во милиони САД долари, по поодделни години)** | 644.7 | 934.8 | 337.8 | 205.5 | 277.1 | 210.8 |
| **Учество на извозот во Србија во вкупниот извоз на Македонија (во %)** | 18,9 | 23,4 | 10,1 | 4,5 | 4,0 | 3,9 |

*Извор: ДЗС*

Вкупниот извоз на Македонија во периодот 2007 - 2018 година го следи трендот на движење на вкупната надворешно-трговска размена, но има побавна динамика на раст. Табела 4 покажува дека во набљудуваниот период учеството на македонскиот извоз во Србија во вкупниот извоз на Македонија од 18,9% во 2007 година и 23,4% во 2008 година како најдобри години, после светската економска криза опаѓа на 4,5% - 4% во 2015/2018 година, што е значително голема флуктуација во однос на претходните години. Сепак, охрабрува фактот дека во 2018 година извозот во Србија повторно се големува и достигнал 277,1 милиони САД долари и учествувал со 4 % во вкупниот македонски извоз кон светот, а само за три квартали од 2019 година извозот измесува 210 милиони САД долари со тенденција на зголемување и надминување на претходната година.

Набљудувано според секторите дефинирани согласно Стандардната меѓународна трговска класификација, структурата на македонскиот извоз во Србија не се менува значително во текот на годините. Најзастапени производи во македонскиот извоз во Србија во 2018 година се:

- Лекови, н.н. кои се подготвени во измерени дози, или во форми или пакувања за малопродажба - **18,71** милиони САД долари;
- Вино од свежо грозје (освен пенливо вино); шира со спречена ферментација со додавање на алкохол - **16,23** милиони САД долари;
- Плоснато-валани производи од железо или нелегиран челик, неплатинирани или необложени, не повеќе обработувани од топловаланите со ширина од 600 мм или повеќе, ненамотани - 16,**5** милиони САД долари;
- Плоснати валани производи од железо или нелегиран челик, премачкани, лакирани или обложени со пластична маса, со ширина 600 мм и поголема - **16,2** милиони САД долари;
- Електрична енергија - **14,21** милиони САД долари;
- Други заварени цевки што не се со кружен попречен пресек - **12,51** милиони САД долари.

Табела 7: **Македонскиот увоз**

| | 2007 | 2008 | 2010 | 2015 | 2018 | I-IX 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен увоз во Македонија (во милиони САД долари, по поодделни години)** | 5.280 | 6.882 | 5.474 | 6.427 | 9.052 | 6.910 |
| **Увоз на Македонија од Србија (во милиони САД долари, по поодделни години)** | 454.5 | 533.1 | 419.4 | 493.8 | 611.8 | 499.3 |
| **Учество на увозот од Србија во вкупниот увоз во Македонија (во %)** | 8,6 | 7,7 | 7,6 | 7,7 | 6,7 | 7,2 |

*Извор: ДЗС*

Во набљудуваниот период, вкупниот увоз на Македонија го карактеризира побрза динамика на раст од извозот, што резултира со перманентен надворешно-трговски дефицит. Притоа, увозот од Република Србија постепено се зголемува и достигна 611,8 милиони САД долари во 2018 година, што претставува 6,7% од вкупниот македонски увоз, а за деветте месеци од 2019 година изнесува скопо половина милијарди САД долари или 7,2% од вкупниот увоз во земјава.



Табелата покажува дека кај увозот од Србија има релативно помал распон на флуктуација од македонскиот извоз во Србија.

Набљудувано по поодделни производи, во македонскиот увоз од Србија во 2018 година најзастапени се увозот на:

- Електрична енергија - **55,94** милиони САД долари;
- Плоснато-валани производи од железо или нелегиран челик, неплатинирани или необложени, не повеќе обработувани од топло-валаните со ширина од 600 мм или повеќе, намотани - **46,4** милиони САД долари;
- Други електрични спроводници, за напон што не надминува 1000 В - **21,5** милиони САД долари;
- Цигари што содржат тутун - **19** милиони САД долари;
- Пченица друга и наполица, во зрно - **16,9** милиони САД долари;
- Рафинирано сончогледово масло и негови фракции - **14,7** милиони САД долари;
- Нафтени масла и масла добиени од битуменозни минерали (освен сурови) и преработки н.н., со содржина > од 70% на нафтени масла и масла добиени од битуменозни минерали, ако овие масла се основните состојки - **13,2** милиони САД долари;
- Брашно од пченица или наполица - **11,98** милиони САД долари;
- Бутан, течен - **11,5** милиони САД долари;
- Вода (вклучувајќи минерална и газирана) со додаток на шеќер или други средства за засладување или ароматизација, останати безалкохолни пијалаци, неспомнати на друго место - **11,45** милиони САД долари;
- Друга репка или шеќерна трска и хемиски чиста сахароза, во цврста форма - **11,4** милиони САД долари.

Надворешно-трговската размена на Македонија со Србија по правило резултира со дефицит на македонската страна, којшто варира по својата големина. Дефицитот во трговската размена за 2018 година е во износ од 334,7 милиони САД долари, кој во однос на 2017 година е зголемен за 9,84%, а таквата тенденција продолжува и во 2019 година каде за деветте месеци дефицитот изнесува 290 милиони САД долари.

Набљудувано во целина, последните години трговската размена на Македонија со Србија има нагорен тренд. Изразени во апсолутни големини, извозот и увозот растат. Но, учеството на Србија во вкупната надворешно-трговска размена на Македонија и поодделно во извозот и увозот, сепак се на скромно ниво.

Но за да се постигне крајната цел – раст на обемот на размената што значи удвојување од сегашниот обем на размена и да ја вратиме во рамките од 2008 година кога истата достигна речиси 1,5 милијарда САД долари, а со тоа и да го поправиме дефицитот што моментално го имаме, двете земји со засилена динамика треба да

работат на воедначување на деловниот амбиент и постигнување поголема вредност на регионот, како една дестинација пред меѓународните пазари и институции.

### 3. Странски директни инвестиции

Република Северна Македонија може да се карактеризира како земја со недоволен раст на инвестиции, а посебно како земја со ниско ниво на инвестиции во споредба со другите европски земји. Во периодот меѓу 2008 и 2018 година, приливот на странски директни инвестиции (СДИ) беше поголем, пред се` поради приватизација на државните фирми и преземањата на големи компании и банки со странски инвеститори, а секако и поради поволностите за инвестирање во слободните економски зони.

**Состојби на СДИ во Македонија и во Србија, во милиони САД долари**

| Кумулиран износ на СДИ во Македонија и во Србија, во милиони САД долари | | |
|---|---|---|
| **Период** | **Вкупно СДИ во Македонија** | **Вкупно СДИ во Србија** |
| **2008** | 4.131,6 | 21.134,7 |
| **2010** | 4.350,6 | 24.933 |
| **2013** | 5.488,8 | 35.374,1 |
| **2015** | 4.790,4 | 32.615,6 |
| **2018** | 5.961,4 | 44.108,8 |

*Извор: УНКТАД*

При прегледот во делот на состојбите на СДИ според *УНКТАД* вкупните СДИ во Република Србија заклучно со 2018 година изнесуваат скоро 44,11 милијарди САД долари, во Македонија 5,96 милијарди САД долари и при тоа истите се за 6,4 пати поголеми од инвестициите во Македонија (индекс 740).



Споредено во последните 10 години (2018/2008) Србија ги зголемила странските директни инвестиции за 108,7% или за 22,97 милијарди САД долари, а за истиот период Македонија ги зголемила странските директни инвестиции за 44,3% или за 1,83 милијарди САД долари.

Првите инвестиции од Република Србија кај нас согласно приказот на состојбите на СДИ од НБРМ се регистрирани во 2007 година во износ од 97,5 милиони САД долари и структурно учествувале со 2,6% во вкупните СДИ во земјава. Заклучно со 2018 година Србија има инвестирано во Македонија 101,1 милион САД долари или 1,7% од вкупните СДИ. Од друга страна, согласно истиот приказ првите македонски инвестиции во Србија се забележани во 2007 година во износ од 53,8 милиони САД долари со структурно учесто од 79,5% од вкупните инвестиции на Македонија во странство. Овој висок процент на структурно учество каде нешто повеќе од ¾ се насочени само кон една земја, односно Србија, е незанемарлив доказ дека македонските стопанственици имаат доверба и добро изградени односи со Србија. Заклучно со 2018 година истите инвестиции во Србија избнесуваат 72,5 милиони САД долари.



Србија во земјава најмногу има инвестирано во земјоделско-прехранбениот сектор, трговијата и услужниот сектор, а Македонија во Србија има инвестирано во металната и електроиндустријата, како и фармацевтската индустрија. Како позначајни македонски компании кои имаат инвестирано во Србија се „Брако“, „Алкалоид“ и „Смелт ИНГ“, а српски компании имаат инвестирано во Македонија и една од позначајните е „Свисслион“.

- ## Како до поголема економска соработка меѓу двете земји?

Поддршката на регионалната соработка преку договорените форми на регионално економско делување (во случајот на регионот на Западен Балкан тоа е ЦЕФТА-Договорот), и Коморскиот инвестициски форум (КИФ), значи пред се` поттик за усогласување на економските политики во земјите кои припаѓаат на регионот за побрз развој, приспособување кон конкуренцијата на либерализираниот пазар и можност за усогласување на правната рамка во земјите, со крајна цел нивно интегрирање во Европската унија.

Унапредувањето на економската соработка меѓу двете земји е од особено значење за развојот на пошарокиот регион на Југоисточна Европа, како дел во кој припаѓаме. Секако, постои голем потенцијал за интензивирање и продлабочување на досегашната соработка меѓу бизнис заедниците, особено во делот на иновациите, новите технологии и подобрувањето на услугите и производите за полесен пристап на трети пазари.

Но тука се поставува прашањето како до поголема економска соработка, а вооедно и со земјите од регионот на Западен Балкан и кои предуслови треба да се исполнат за таа да се зголеми.

Тоа може да се подобри само со заеднички проекти и инвестиции на сродни фирми од двете земји, како и унапредување и продлабочување на економската соработка меѓу двете земјите во рамките на Коморскиот инвестициски форум.

Сепак, регионалната соработка треба да биде резултат на заемно признаени интереси на сите регионални засегнати страни, при што ќе се адресираат развојните приоритети на секое стопанство и ќе се стават во контекст на регионален развој, со цел да се создаде економска област што ќе биде конкурентна на глобално ниво.



Двете земји располагаат со диверзифицирано производствено портфолио, каде имаат високо сконцентриран извоз и тоа околу 48% од вкупниот македонски извоз е наменет за германскиот пазар, додека пак околу 40% од српскиот извоз е насочен кон Италија, Германија, БиХ и Русија.

Исто така, карактеристично е дека брзорастечките компании во овие земји, кои растат во просек од најмалку 20% во последните три години и создаваат најмногу работни места во овие економии ги има многу малку, во споредба како за пример со земјите од Вишеградската група или со Балтичките земји кои исто така преминаа од

планскиот кон пазарниот систем на управување. Тука од круцијално значење е меѓусебното поврзување, размена на искуства, контакти, здружување и настап со заеднички производи на трети пазари, заедничко инвестирање во раст и развој со цел создавање производи со повисока додадена вредност кои ќе овозможат повисок раст и развој на наведениве економии, односно истите цели за кои се залага и КИФ.

Во таа насока, треба да се истакнат иницијативите за унапредување на соработката по дејности, особено во земјоделството и прехранбената индустрија, металната и електроиндустријата, како и во градежништвото, со формирање на конзорциуми и други облици на здружување, со цел заеднички настап на пазарите во Западен Балкан и пошироко.

- Продлабочувањето на економската соработка меѓу Македонија и Србија е одлична можност од чија реализација корист би имале компаниите и потрошувачите од двете земји. Потребата за обезбедување слободно движење на стоки/услуги во целиот регион, со цел намалување на трошоците и зголемување на конкурентноста на стоките и услугите на глобалниот пазар е прашање од витално значење за бизнис-заедницата, а во таа насока потребно е во работењето на Меѓувладиниот комитет, покрај претставниците на надлежните институции во Република Северна Македонија и Република Србија, да бидат вклучени и претставници на бизнис-заедницата, кои ќе имаат за задача да ги нотираат сите отворени прашања и да предложат решенија за отстранување на сите бариери и препреки во меѓусебната трговија.
- Соработката и размената може да се зголемат и преку активирање на веќе формираниот Македонско-српски деловен совет во насока на интензивирање на економската соработка на компаниите, развивање на трговските контакти, насочување и унапредување на извозно-увозните можности. Со цел постигнување подобри резултати, овој Совет е еден вид логистичка поддршка за компаниите од двете земји, кој работи на поддршка, унапредување и промовирање на трговската размена меѓу Македонија и Србија. Но, за да бидат ефектите уште повидливи и реално корисни, потребно е изработка на акциона програма во која ќе бидат опфатени активности насочени кон стимулирање на соработката, информираноста, контакти со домашни, странски, коморски и деловни партнери, со цел решавање на проблеми и прашања кои се од заеднички интерес во делот на економската соработка меѓу двете земји.
- Македонија и Србија веќе го имаат првиот интегриран граничен премин Табановце – Прешево на кој има заедничка контрола, односно „One stop shop“ систем, каде македонските и српските службеници ќе ја вршат и царинската и полициска контрола на патници и стока на преминот меѓу двете држави. Со воведувањето на заедничката гранична контрола се намалува времето на

чекање, се воведе систем на една царинска, санитарна, ветеринарна контрола на стоката, а со тоа ќе се елиминира долгочасовното чекање на камионите и ризикот товарената стока да се расипе, што дополнително влијае на развивањето на соработката во економскиот сектор. Исто така, од големо значење е и склучувањето на Спогодбата помеѓу двете земји за заемно признавање на одобренија за овластен економски оператор за безбедност и сигурност (ОЕОС), со цел поедноставување на царинските процедури и формалности.

- Во насока на поголема економска соработка, исто така потребно е и формирање заеднички економски зони, развојни зони, коишто ќе бидат од интерес за бизнисите од двете страни, како и заедничко министерство за регионален развој и заеднички институции кои му се потребни на бизнис секторот за да ја зголеми соработката.
- Неопходно е формирање на заедничка арбитража со цел компаниите да можат побрзо и полесно да ги решаваат регионалните стопански спорови, како и единствено кредитно биро, од кое ќе можат на едно место да се добијат податоци за субјекти од која било од шесте држави на Западен Балкан.
- Решавањето на меѓусебните отворени економски прашања, отстранување на трговските пречки, бариери и олеснување на соработката со што би се спречиле долги задржувања и би се овозможил брз проток на стоки (како непризнавање на сертификатите и другите документи кои се однесуваат на квалитетот и техничките стандарди на стоката што се тргува, обврските за приспособување на амбалажите на производите, спроведувањето анализи на граничните премини кои се поврзани со временско оддолжување, но и зголемување на трошоците за извоз), следењето и детектирање на предизвиците со кои се соочуваат бизнисмените, како и заеднички настап на трети пазари се само неколку предуслови кои во наредниот период треба да ги решат заеднички двете држави, доколку сакаат таа трговска соработка да се зголеми двојно.

Вложувањето максимални напори од страна на сите чинители за поголема економска соработка меѓу Македонија и Србија ќе резултира со можност за уште поголемо поврзување на најдобрите претприемачи од двете земји, нивни конкретни заеднички активности, а воедно и поголем прогрес на сите.